**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**
**Економски факултет - Скопје**

Бр. 14-2136/1 Дата 12-11 2021 година

Согласно член 53 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно - стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“во Скопје (Универзитетски гласник бр. 422 од 5.11.2018 година) и одлуката на Наставно-научниот совет бр.02-1507/12 од 9.9.2021 година, деканот на Економскиот факултет – Скопје, го распишува следниот интерен:

# О Г Л А С
за ангажирање демонстратори на Економски факултет - Скопје
во учебната 2021/2022 година

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“во Скопје, Економски факултет - Скопје, распишува оглас за ангажирање демонстратори, и тоа:

- на Катедра за математика и статистика, еден демонстратор,
- на Катедра за финансии, еден демонстратор, и
- на Катедра за менаџмент, еден демонстратор,

Демонстраторите се ангажираат на Економски факултет - Скопје за учебната 2021/2022 година.

За демонстратор на Економски факултет - Скопје, може да биде избрано лице кое има статус на студент на втор или трет циклус студии во учебната 2021/2022 година и е од соодветната студиска програма, и, кое, првиот циклус студии го завршило со просечна оценка најмалку 8,00 (осум). Кандидатот за демонстратор треба да има истакнато етичко поведение и однесување.

Демонстратор се избира за период од една учебна година, со право да биде реизбран уште два пати.

Конкурсот ќе трае 5 работни дена, а заинтересираните кандидати ќе можат да се пријават во периодот од 15 до 19 ноември 2021 година (заклучно со 19 ноември) Документите поднесени по 19.11.2021 година, нема да бидат земени предвид.

Заинтересираните кандидати потребно е до архивата на Факултетот, во затворен коверт да ги достават следните документи: пријава за учество со наведување на Катедрата за која аплицираат, уверение за завршен прв циклус студии, копија од индексот или друг документ од кој може да се докаже статусот на студент на втор односно трет циклус студии во учебната 2021/2022 година.

Изборот го врши Наставно-научниот совет.

Резултатите од извршениот избор ќе бидат објавени на огласна табла.

Со избраните кандидати ќе се склучат договори за нивно ангажирање.

**Д Е К А Н**

---------------------------------

**Проф. д-р Предраг Трпески**